Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27.10.2014

| Организ. единица | Број | Прилози | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 5184 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ЗЛАТЕН КАНАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка[1], емитуван на 13 октомври 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред програмите кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица да обезбеди акустично предупредување и визуелни знаци во текот на нивното времетраење).

*На 01.09.2014 година, за непочитување на член 50 став 3 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 5 август 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на ТРД ЗЛАТЕН КАНАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ЗЛАТЕН КАНАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка, емитуван на 13 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***
*Изработила: Несрин Сејфула*
*Одобрила: м-р Емилија Јаневска*

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*27.10.2014 г.*

[1] По известување, наш број 03-5124/2 од 27.10.2014 година, од 20.10.2014 година, називот на субјектот е Трговско радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово.